**ВОЛНАРСКИ КОМБИНАТ ТОДОР ЦИПОВСКИ МЕРЏАН**
**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**За работењето на ТЕТЕКС АД Тетово во 2017**

**Февруари 2018**

СОДРЖИНА:

1.**Вовед** стр. 3

**2.Основни податоци** стр.3

2.1 Формирање на Друштво стр.3

2.2 Организациона поставеност стр.4

3. **Перфоманси** стр.4

3.1 Производство стр.4
3.2Работна сила стр.5
3.3 Исплатени плати стр.5
3.4 Продажба стр.6
3.5 Извоз стр.7
3.6 Залихи стр.8
3.7 Набавки стр.8

**4.Финансиска состојба на Комбинат** стр.9

4.1 Општо стр.9
4.2 Посебни финансиски извештаи стр.10
4.3 Консолидирани финансиски извештаи стр.14

**5.Корпоративно управување** стр. 18

5.1 Принципи и вредности на корпоративно управување стр. 18
5.2 Органи на управување стр. 18
5.3 Извештај за собрание на акционери стр. 19
5.4 Големи зделки и зделки со заинтересирани страни стр. 19

**6. Стратегиски цели** стр. 20

## 1.ВОВЕД

Целта на овој извештај е да на транспарентен начин ги презентира резултатите, позначајните активности од работењето на Тетекс АД Тетово за деловната 2017 год.

Сите активности во текот на деловната 2017 год. беа насочени кон елиминација на потенцијалните ризици, и намалување на нивното влијание. Друштвото своето работење во оваа деловна година посебно беше изложено на пазарен ризик.

Активностите се одвиваат во намалувањето на расходите од една страна и зголемувањето на профитот од друга страна заради запазување на правата и интересите на акционерите.Исто така сите напори беа насочени кон барање нови клиенти, зголемување на општествена одговорност- преку донации на финансиски средства и производи, едукација и обука на вработените, мотивација на вработените, а грижата за животната средина беше и остана определба на менаџментот, така да Тетекс АД Тетово успешно заокружи уште една успешна деловна година.

Вршена е редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето со почитување на законите, во насока на реализација на поставените цели и остварување што е можно подобар финансиски резултат во рамките на постојните услови на стопанисување.

Со цел одржување и зголемување на вредноста на акционерскиот капитал, Тетекс АД Тетово со максимално ангажирање и мобилизирање на расположивите материјални и човечки ресурси успеа да ги постигне резултатите презентирани во извештајот и тоа пред се преку одржување на финасиска стабилност и ликвидност, како и навремено сервисирање на своите обврски кон добавувачите.

Извештајот за работењето на Тетекс АД Тетово за деловната 2017 год. е изработен согласно Законот за трговски друштва и актите на Друштвото

## 2. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

### 2.1 Формирање и трансформација на Друштвото

Волнарскиот комбинат **Тодор Циповски Мерџан Тетекс АД Тетово** , започна со работа на 25 мај 1951 година, со пуштањето во погон на Предилницата за волнена преѓа.

Денес Комбинатот го сочинуваат три фабрики со специфични технолошки процеси, Ф-ка Ткаенини од која потекле првите метри сурова ткаенина во 1954 година, денес реномиран производител на модни ткаенини и ќебиња, Ф-ката Конфекција која започна со работа во 1963 година и Ф-ката Трикотажа во 1968 година, како и организациони единици за подршка на фабриките.

Своите производи Тетекс ги пласира низ мрежа на сопствени продавници , како и продавниците на своите бизнис партнери

Во текот на своето опстојување, Тетекс АД Тетово се прилагодуваше и трансформираше согласно правните и општествените барања. Во 1991 година, започнува трансформацијата на ТЕТЕКС од општествено претпријатие во приватно акционерско друштво. ТЕТЕКС АД Тетово денес е 100% приватизирано и котира на Македонската берза.

Волнарскиот комбинат Тодор Циповски Мерџан Тетекс АД Тетово скратено Тетекс АД Тетово е со седиште во Тетово на ул.Браќа Миладинови бр.1 .Основна дејност 14.13. Производство на друга горна облека .

## 2.2. Организациона поставеност

Друштвото има јасно поставена организациона структура, со прецизно дефинирани права и одговорности со тоа што се потврдува принципот на поделба на надлежности.




# 3. **ПЕРФОМАНСИ**

### *3.1 ПРОИЗВОДСТВО*

Вкупното прозводство во 2017 год. на ниво на Комбинат бележи намалување од 18% во споредба со истиот период од минатата година. Ова производство беше остварено со намалена работна рака (индекс 95), и продуктивноста на трудот забележува намалување од 13% во споредба со минатата година .

Производството бележи намалување во сите фабрики и тоа во Ткаенини за 31%, во Конфекција за 7 % и во Трикотажа за 31 %.

Физичкиот обем на производство по асортимани на производи е следен:

| | | 2017 | 2016 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| –ткаенини | м$^1$ | 91.130 | 111.863 | 81,4 |
| –Ќебиња | „ | 7.862 | 27.577 | 28,5 |
| Се: | „ | **98.992** | **139.440** | **71,0** |
| – конфекција | м$^2$ | 158.582 | 170.221 | 93,2 |
| – конфекција | парче | 64.417 | 64.417 | 87,2 |
| – трикотажа | парче | 22.282 | 27.470 | 81,1 |
| „ | кгр | 11.091 | 15.208 | 72,9 |

Кај Ф–ката за Ткаенини вкупното производство е намалено за 40 илјади метри ткаенина, а асортимански имаме намалување од 20 илјади метри кај Ќебињата, и 21 илјада метри кај ткаенините.
Производството на конфекциска облека во 2017 г. е намалено за 12 илјади $м^2$ во однос на 2016 г. При тоа во структурата на производството учеството на лон производство оваа година е за 2% повисоко во онос на 2016 год ( индекс 42 ).
Што се однесува на производството во Трикотажа, таму имаме намалување за 5 илјади парчиња во споредба со истиот период од минатата година.

### *3.2 РАБОТНА СИЛА*

Тенденцијата на намалување на работната сила се задржа и во 2017 година, така да на крајот на годината во Тетекс беа вработени 364 работника или за 30 работника помалку во однос на истиот период од минатата година.
Состојбата на работната сила по фабрики и ДОО е како што следи:

| | 31.12.2017 | 31.12.2016 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 2. Ткаенини | 43 | 47 | 91,5 |
| 3. Конфекција | 189 | 207 | 91,3 |
| 4. Трикотажа | 32 | 37 | 86,5 |
| **Се:** | **264** | **291** | **90,7** |
| 5. ЕГОТ | 46 | 47 | 97,9 |
| 6. РЗ Заеднички сл. | 21 | 23 | 91,3 |
| 7. Угостит. и туризам | 8 | 7 | 114,3 |
| 8. Трговска мрежа | 25 | 26 | 96,2 |
| **ВКУПНО** | **364** | **394** | **92,4** |
| 9. ДОО | 14 | 14 | 100,0 |
| **ВКУПНО ТЕТЕКС** | **378** | **408** | **92,6** |

### *3.3 ИСПЛАТЕНИ ПЛАТИ*

Тетекс АД редовно и навремено ги исплатува платите до 12–ти во месецот за изминатиот месец заедно со сите даноци и придонеси пропишани со Законот за плати. Просечно исплатената плата за вработените кои биле редовно на работа за 2017 год. изнесува 13.579 ден. што претставува зголемување од 11% во однос на минатата година.

Движењето на просечните плати по години е следно:

| | 2017 | 2016 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 2. Ткаенини | 13.877 | 12.797 | 108 |
| 3. Конфекција | 12.445 | 10.855 | 115 |
| 4. Трикотажа | 13.900 | 12.805 | 109 |
| 5. ЕГОТ | 14.522 | 13.090 | 111 |
| 6. РЗ Заеднички сл. | 21.135 | 20.686 | 102 |
| 7. Трговска мрежа | 13.269 | 11.862 | 112 |
| 8. Угостит. и туризам | 12.489 | 11.337 | 110 |
| **ВКУПНО** | **13.579** | **12.209** | **111** |

*3.4. ПРОДАЖБА*

Остварената продажба во фабриките во 2017 година во однос на минатата година, како и во однос на планираната е како следи:

во 000 ден.

| | Остварено 2017 | Планирано 2017 | Остварено 2016 | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 2/3 | 2/4 |
| –домашен пазар | 28.539 | 17.332 | 25.402 | 164,6 | 112,3 |
| –буџет | 1.330 | 1.569 | 0 | 84,8 | 0 |
| –извоз | 105.936 | 100.696 | 99.195 | 105,2 | 106,8 |
| Екстерна реализација | 135.805 | 118.028 | 124.597 | 115,1 | 109,0 |
| Интерна реализација | 34.638 | 38.650 | 52.402 | 89,6 | 66,1 |
| **Вкупно** | **170.443** | **158.248** | **207.434** | **107,7** | **82,2** |

Реализацијата по фабрики во 2016 год. бележи намалување и тоа за 37 мил. денари или индексно за 18%.
Продажбата на домашен пазар забележува зголемување од 12 индексни поени, а пак извозот за 6,8 индексни поени при што учеството на извозот во екстерната реализација изнесува 78% ( 80% во минатата година ).

Остварената продажба по фабрики и нивното учество во истата може да се види од следната табела:

во илјада денари

| | 2017 | 2016 | Индекс | Учество–% | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Предиво и волница | 732 | 1.147 | 63,8 | 0,4 | 0,6 |
| 2. Ткаенини | 54.704 | 75.050 | 72,9 | 32,1 | 36,2 |
| 3. Конфекција | 101.121 | 109.176 | 92,6 | 59,3 | 52,6 |
| 4. Трикотажа | 13.886 | 22.061 | 62,9 | 8,2 | 10,6 |
| Се: | 170.443 | 207.434 | 82,2 | **100,0** | **100,0** |

На ниво на Комбинат во 2017 година остварена е реализација од 233 милиони денари или за 44 мил. денари помалку во однос на минатата година.

И кај Друштвата со ограничена одговорност забележуваме намалување на реализацијата. Остварени се 15,4 мил. денари, а тоа претставува намалување од 1 индексен поен.

### *3.5 ИЗВОЗ*

Вкупната размена во 2017 год. изнесува 2,4 милиони евра и истата е за 5% пониска од претходната година.

/во ЕУР /

| | 2017 | 2016 | Индекс |
|---|---|---|---|
| – Извоз | 1.751.720 | 1.639.147 | 106,9 |
| – Редовен увоз * | 604.505 | 830.873 | 72,7 |
| Се: | 2.356.225 | 2.470.020 | 95,4 |

* Напомена – Податокот за редовниот увоз не го опфаЋа привремениот увоз–доработка

Во 2017 година остварен е извоз од 1,8 милиони евра што во однос на претходната година преставува зголемување од 7%. Извозот по фабрики може да се види од подолу прикажаното:

/во ЕУР /

| | 2017 | 2016 | Индекс | Учество– | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Предиво и волница | 5.577 | 7.233 | 77,1 | 0,3 | 0,4 |
| 2. Ткаенини | 140.449 | 117.455 | 119,6 | 8,0 | 7,2 |
| 3. Конфекција | 1.494.553 | 1.339.528 | 111,6 | 85,4 | 81,7 |
| 4. Трикотажа | 111.141 | 174.931 | 63,5 | 6,3 | 10,7 |
| **Се:** | **1.751.720** | **1.639.147** | **106,9** | **100,0** | **100,0** |

И понатака најголемо учество во вкупниот извоз има фабриката за конфекција и тоа 85,4%. Учеството кај фабриката за ткаенини се зголемување (8,0%),а забележуваме намалување кај фабриката за трикотажа (6,3%) .

Остварениот извоз по регионални подрачја може да се види од следниот преглед:

/во ЕУР /

| | 2017 | 2016 | Индекс | Учество– | % |
|---|---|---|---|---|---|
| – ЕУ | 1.602.566 | 1.517.709 | 105,6 | 91,5 | 92,6 |
| – ЈУ Републики | 134.887 | 102.672 | 131,4 | 7,7 | 6,3 |
| – Останати | 14.267 | 18.766 | 76,0 | 0,8 | 1,1 |
| **Се:** | **1.751.720** | **1.639.147** | **106,9** | **100,0** | **100,0** |

### *3.6. ЗАЛИХИ НА ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ*

На крајот на декември 2017 година залихата на готови производи на ниво на Комбинатот е намалена за 6% во однос на претходната година ( низ сведени показатели).
Количински споредбени показатели на залихите по асортиман на производи дадени се во следниот преглед:

| | | 31.12.2017 | 31.12.2016 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| – Предиво и волница | кгр | 53.862 | 56.990 | 94,5 |
| – Ткаенини | $м^1$ | 223.210 | 226.806 | 98,4 |
| – Ќебиња | парче | 29.572 | 36.808 | 80,3 |
| – Конфекција | парче | 88.063 | 90.635 | 97,2 |
| – Трикотажа | парче | 86.645 | 98.666 | 87,8 |

### *3.7. НАБАВКИ*

И.Увоз во 2017 год. и 2016 год. во ЕУР по фабрики

| | ТКАНИНИ | ТРИКОТ. | КОНФЕК. | ЕГОТ | ДРУГО | ТОТАЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2017** | 447.870 | 77.635 | 211.538 | 0 | 0 | **737.043** |
| **2016** | 628.050 | 130.203 | 177.583 | 0 | 0 | **935.836** |
| **17/16%** | **71** | **60** | **119** | **0** | **0** | **79** |

* Напомена – Податоците за редовниот увоз го опфаЋа и привремениот увоз–доработка

ИИ. Увоз во 2017 год. и 2016 година во УСД по видови

| | СИР. И РЕПРОМ. | Доработка | РЕЗ. ДЕЛ. | ОПРЕМА | ТРАНСП. | ТОТАЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2017** | 604.505 | 132.538 | 0 | 0 | 0 | **737.043** |
| **2016** | 822.123 | 104.963 | 8.750 | 0 | 0 | **935.836** |
| **17/16%** | **73** | **126** | **0** | **0** | **0** | **79** |

## *4. ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА КОМБИНАТОТ*

### *4.1 Општо*

Врз финансиската состојба на Тетекс во изминатата 2017 година, влијаеа и динамичните неизвесни политички и економски промени како во интерното , така и во екстерното опкружување што имаше ефекти врз целокупното работење на Тетекс АД Тетово.

Сепак деловната 2017 година ја затвораме со позитивни резултати и
во текот на 2017 година сите обврски кон државата , фондовите и доверителите редовно и на време се извршени .

Обврските кон добавувачите се на време измирувани. Исплатата на платите редовно се извршуваше во редовниот термин од 10-ти до 12-ти во месецот.

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА 31.12.2017 | | |
|---|---|---|
| | **12/31/2017** | **12/31/2016** |
| | **Денари** | **Денари** |
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални средства | - | - |
| Материјални средства | 102,656,854 | 107,976,700 |
| Вложувања во недвижности | 501,113,558 | 501,086,929 |
| Долгорочни финансиски средства | 474,278,308 | 469,681,756 |
| Долгорочни побарувања | - | - |
| Одложени даночни средства | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,078,048,720** | **1,078,745,385** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 427,757,687 | 452,556,000 |
| Побарувања | 33,230,347 | 28,974,886 |
| Краткорочни финансиски средства | 151,210 | 151,210 |
| Парични средства и еквиваленти | 18,500,981 | 54,921,414 |
| Платени трошоци за идни периоди | 12,216,748 | 12,198,742 |
| **Вкупно тековни средства** | **491,856,973** | **548,802,252** |
| Средства наменети за продажба и прекинато работење | 158,970,278 | 161,275,445 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **1,728,875,971** | **1,788,823,082** |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | |
| **Главнина и резерви** | | |
| Основна главнина | 1,281,978,940 | 1,281,978,940 |
| Премии на уплатени акции | - | - |
| Сопствени акции | - | - |
| Запишан, а неуплатен капитал | - | - |
| Резерви | 53,719,164 | 50,598,134 |
| Ревалоризациони резерви | 167,165,202 | 164,516,378 |
| Акумулирана добивка | 158,814,415 | 232,233,202 |
| **Главнина на сопствениците на Друштвото** | **1,661,677,721** | **1,729,326,654** |
| Неконтролирано учество | - | - |
| **Вкупно главнина** | **1,661,677,721** | **1,729,326,654** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни резервирања | - | - |
| Долгорочни кредити и заеми | - | - |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| Останати долгорочни обврски | - | - |
| **Вкупно нетековни обврски** | **-** | **-** |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 22,135,419 | 24,790,381 |
| Обврски за аванси | 5,813,937 | 5,283,778 |
| Краткорочни кредити и заеми | 15,038,836 | - |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 24,210,058 | 29,422,269 |
| **Вкупно тековни обврски** | **67,198,250** | **59,496,428** |
| Обврски по основ на средства наменети за продажба | - | - |
| **Вкупно обврски** | **67,198,250** | **59,496,428** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **1,728,875,971** | **1,788,823,082** |

**ТЕТЕКС АД**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**

**01.01. до 31.12.2017**

| | | |
|---|---|---|
| | **2017** | **2016** |
| | **Денари** | **Денари** |
| Приходи од продажба | 219,009,731 | 238,443,539 |
| Останати оперативни приходи | 91,738,932 | 153,725,241 |
| Промени во залихи на готови производи и недовршено производство | (12,408,921) | (24,675,778) |
| Употребени материјали и суровини и набавна вредност на продадени стоки и материјали | (142,863,635) | (166,428,372) |
| Трошоци за вработени | (100,357,452) | (96,351,835) |
| Амортизација | (4,792,266) | (5,496,327) |
| Останати оперативни расходи | (41,767,778) | (52,207,212) |
| **Оперативна добивка (загуба)** | **8,558,611** | **47,009,256** |
| Приходи од финансирање | 38,843,017 | 23,275,211 |
| Расходи од финансирање | (1,354,294) | (1,224,534) |
| Удел во добивките и загубите на придружени друштва и заеднички вложувања | - | - |
| **Добивка (загуба) од редовно работење** | **46,047,334** | **69,059,933** |
| Добивка (загуба) од прекинато работење | - | |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **46,047,334** | **69,059,933** |
| Расход за данок од добивка | (2,416,153) | (6,639,328) |
| **Нето добивка (загуба) за годината** | **43,631,181** | **62,420,605** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | |
| Ревалоризација на средства | - | - |
| Курсни разлики од странски валути | - | - |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | 2,648,824 | 412,469 |
| Останато | - | |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | **2,648,824** | **412,469** |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба)** | **46,280,005** | **62,833,074** |
| **Нето добивка (загуба) на:** | | |
| Сопствениците на матичното друштво | | |
| Неконтролираното учество во подружниците | - | - |
| | **-** | **-** |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба) на:** | | |
| Сопствениците на матичното друштво | | |
| Неконтролираното учество во подружниците | - | - |
| | **-** | **-** |

**ТЕТЕКС АД**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА**

**12/31/2017**

| | Основна главнина | Премии на издадени акции/влогови | Сопствени акции/влогови (-) | Запишан, а неуплатен капитал (-) | Резерви | Ревалоризацион и резерви и разлики од вреднување | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно | Неконтролиран о учество | Вкупно главнина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Во Денари** | | | | | | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2017** | **1,281,978,940** | **-** | **-** | **-** | **50,598,134** | **164,516,378** | **232,233,202** | **1,729,326,654** | **-** | **1,729,326,654** |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | - | - | - | 43,631,181 | **43,631,181** | - | **43,631,181** |
| Ревалоризација на средства | - | - | - | - | - | - | - | **-** | - | **-** |
| Курсни разлики од странски валути | - | - | - | - | - | | - | **-** | - | **-** |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - | - | 2,648,824 | - | **2,648,824** | - | **2,648,824** |
| Останато | - | - | - | - | - | - | | | - | **-** |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **2,648,824** | **43,631,181** | **46,280,005** | **-** | **46,280,005** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | | | | | | |
| Уплатени влогови/акции | | - | - | - | - | - | | **-** | - | **-** |
| Издвојување за резерви | - | - | - | - | 3,121,030 | | | **3,121,030** | - | **3,121,030** |
| Издвојување за дивиденди | - | - | - | - | | - | (117,049,968) | **(117,049,968)** | - | **(117,049,968)** |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | | | - | **-** |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | | | - | **-** |
| Останато | | - | | - | | - | | | - | **-** |
| **Состојба на 31.Декември 2017** | **1,281,978,940** | **-** | **-** | **-** | **53,719,164** | **167,165,202** | **158,814,415** | **1,661,677,721** | **-** | **1,661,677,721** |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ 01-31.12.2017 | |
|---|---|
| | **2017** |
| | **Денари** |
| **Парични текови од оперативни активности** | |
| **Добивка пред оданочување** | **46,047,334** |
| **Усогласување за:** | |
| Амортизација на материјални средства | 4,792,266 |
| Амортизација на нематеријални средства | - |
| Амортизација на вложувања во недвижности | |
| Расходи од камати | 96,675 |
| Приходи од камати | (552,304) |
| Приходи од дивиденди | (37,078,828) |
| Расходи од резервирања, нето | - |
| Учество во добивки (загуби) на придружени друштва | - |
| Приходи од отпис на обврски | - |
| Исправка на вредност на залихи | 7,255,872 |
| Исправка на вредност на побарувања | 3,490,059 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | **24,051,074** |
| | |
| Промени кај побарувањата | (7,745,520) |
| Промени кај залихите | 17,542,441 |
| Промени кај однапред платени трошоци | (18,006) |
| Промени кај обврски од добавувачи | 2,654,962 |
| Промени кај примени аванси | 530,159 |
| Промени кај останати тековни обврски и ПВР | (1,938,930) |
| **Нето пари употребени во работењето** | **35,076,180** |
| | |
| Платена камата | (96,675) |
| Платен/повратен данок од добивка | (5,726,738) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **29,252,767** |
| | |
| **Парични текови од вложувачки активности** | |
| Приливи (одливи) од долгорочни финансиски средства, нето | (1,947,728) |
| Приливи (одливи) од краткорочни финансиски средства, нето | - |
| Примени камати | 552,304 |
| Примени дивиденди | 37,078,828 |
| Приливи од средства наменети за продажба | |
| Купување/продавање на вложувања во недвижности | |
| Купување/продавање на материјални средства | (562,586) |
| Купување/продавање на нематеријални средства | - |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **35,120,818** |
| | |
| **Парични текови од финансиски активности** | |
| Уплатен капитал | - |
| Исплатени дивиденди | (115,832,854) |
| (Откупени)/продадени сопствени акции, нето | - |
| Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето | - |
| Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето | 15,038,836 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **(100,794,018)** |
| | |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **(36,420,433)** |
| | |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **54,921,414** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **18,500,981** |

*Консолидирана сметка*

| Консолидиран Биланс на состојба | | |
|---|---|---|
| | 2017 | 2016 |
| | (000) МКД | (000) МКД |
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 102.763 | 108.190 |
| Вложувања во недвижности | 501.114 | 501.087 |
| Вложувања во неконсолидирани подружници | - | - |
| Вложувања во придружени друштва | 474.715 | 463.627 |
| Вложувања расположливи за продажба | 24.848 | 20.251 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1.103.440** | **1.093.155** |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 428.271 | 453.081 |
| Побарувања од продажба | 19.978 | 16.610 |
| Побарувања за дадени аванси | 436 | 132 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 17.406 | 13.246 |
| Дадени депозити и позајмици | 150 | 150 |
| Парични средства и еквиваленти | 19.183 | 55.482 |
| **Вкупно тековни средства** | **485.424** | **538.700** |
| | | |
| **Средства кои се наменети за продажба** | **158.971** | **161.276** |
| | | |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **1.747.835** | **1.793.131** |
| | | |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | |
| **Главнина** | | |
| Акционерски капитал | 1.281.978 | 1.281.978 |
| Откупени сопствени акции (-) | - | - |
| Резерви | 36.924 | 34.242 |
| Ревалоризациони вишоци | 188.502 | 185.860 |
| Акумулирана добивка | 172.353 | 230.618 |
| **Вкупно главнина** | **1.679.757** | **1.732.698** |
| | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни кредити | - | - |
| Разграничени грантови | 9.985 | 12.028 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **9.985** | **12.028** |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 22.563 | 25.300 |
| Краткорочни кредити | 15.038 | - |
| Тековна доспеаност на долгорочните обврски | - | - |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 20.492 | 23.105 |
| **Вкупно тековни обврски** | **58.093** | **48.405** |
| **Вкупно обврски** | **68.078** | **60.433** |
| | | |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **1.747.835** | **1.793.131** |

| Консолидиран Биланс на успех | | |
|---|---|---|
| | **2017** | **2016** |
| | **(000) МКД** | **(000) МКД** |
| | | |
| Приходи од продажба | 183.279 | 202.485 |
| Останати оперативни приходи | 91.355 | 130.884 |
| Добивки (загуби) од вложувања | 4.619 | 6.519 |
| | | |
| Промени во залихи на готови производи и производство во тек | 12.432 | 24.739 |
| Употребени суровини и материјали | (78.469) | (84.088) |
| Трошоци за вработени | (100.650) | (96.240) |
| Амортизација | (4.899) | (5.611) |
| Останати оперативни расходи | (90.962) | (122.585) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | **16.705** | **56.103** |
| | | |
| Приходи (расходи) од финансирање | 856 | (252) |
| Удел во добивките (загубите) на придружените друштва | 43.576 | 36.418 |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **61.137** | **92.269** |
| | | |
| Расход за данок од добивка | (2.416) | (6.639) |
| | | |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | **58.721** | **85.630** |

**Тетекс АД - Тетово**

**КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА за годината која завршува**

| | | |
|---|---|---|
| | **2017** | **2016** |
| | **(000) МКД** | **(000) МКД** |
| | | |
| **Нето добивка (загуба) за периодот** | **58.721** | **85.630** |
| | | |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | 2.649 | 412 |
| Ревалоризација на недвижности | - | - |
| Курсни разлики од преведување | (384) | 179 |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | **2.265** | **591** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | **60.986** | **86.221** |

| Консолидиран Паричен тек | | |
|---|---|---|
| | | |
| | 2017 | 2016 |
| | (000) МКД | (000) МКД |
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| **Добивка пред оданочување** | **61.137** | **92.269** |
| **Усогласување за:** | | |
| Амортизација на недвижности и опрема | 4.899 | 5.672 |
| Амортизација на разграничени грантови | (2.065) | (2.043) |
| Расходи (приходи) од камати, нето | (444) | (260) |
| Исправка на вредност на залихи | 7.256 | 10.048 |
| Приходи од дивиденди | (4.592) | (6.519) |
| Удел во добивките на придружените друштва | (43.576) | (36.418) |
| Капитална (добивка) загуба од продажба на акции и материјални средства | (38.946) | (79.277) |
| Исправка на вредност на побарувања | 209 | 7.344 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | **(16.122)** | **(9.184)** |
| | | |
| Побарувања од продажба | (3.577) | 3.085 |
| Побарувања за дадени аванси | (304) | (107) |
| Останати тековни средства и АВР | (119) | 44 |
| Залихи | 17.554 | 1.119 |
| Обврски од добавувачи | (2.737) | (7.571) |
| Останати тековни обврски и ПВР | 661 | (60.682) |
| **Нето пари употребени во работењето** | **(4.644)** | **(73.295)** |
| | | |
| Платена камата | (97) | (92) |
| (Платен)/вратен данок од добивка | (10.948) | (400) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **(15.690)** | **(73.787)** |
| | | |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | |
| Приливи/одливи од депозити и позајмици, нето | - | 124 |
| Набавени вложувања во хартии од вредност | (1.948) | - |
| Примени камати | 541 | 352 |
| Примени дивиденди | 37.079 | 21.884 |
| Купување на недвижности, постројки и опрема | (90) | (727) |
| Продажби на недвижности, постројки и опрема | 41.864 | 87.155 |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **77.446** | **108.788** |
| | | |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Купување на сопствени акции | - | - |
| Исплатени дивиденди и награди | (112.710) | (43.209) |
| Искористени (вратени) кредити, нето | 15.039 | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **(97.671)** | **(43.209)** |
| | | |
| Разлики од конверзија на странски валути | (384) | 179 |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **(36.299)** | **(8.029)** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **55.482** | **63.512** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **19.183** | **55.482** |

| Консолидиран ИзвеШтај за промени во капиталот | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обични акции | | Резерви (законск и и | Разлики од преведу | Ревалоризаионен вишок | Акумулирана добивка | Вкупно |
| | Број на Акции | Износ | | | | | |
| **Во (000) МКД** | | | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2017** | **414.171** | **1.281.978** | **32.691** | **1.551** | **185.680** | **230.618** | **1.732.518** |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | - | - | 58.721 | **58.721** |
| Курсни разлики од преведување | - | - | - | (384) | - | - | **(384)** |
| Движење на усогласување на вложувања расположиви за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | 2.649 | - | **2.649** |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **(384)** | **2.649** | **58.721** | **60.986** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | | | |
| Издвојување за резерви | - | - | 3.121 | - | - | (3.121) | **-** |
| Покривање на загуба | - | - | (55) | | (7) | 62 | **-** |
| Издвојување за дивиденди и награди | - | - | - | - | - | (113.927) | **(113.927)** |
| **Состојба на 31 декември 2017** | **414.171** | **1.281.978** | **35.757** | **1.167** | **188.322** | **172.353** | **1.679.577** |

## *5. КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ*

### 5.1.Принципи и вредности на корпоративно управување на Тетекс АД Тетово

Тетекс АД Тетово како друштво кое котира на македонската берза АД Скопје во 2016 година продолжи да се придржува кон проишаните принципи на корпоративно управување

- Остварување на правата и интересите на акционерите
- Ефикасност- ефикасно и навремено извршување на превземени обврски;
- Доверба - постојана комуникација со клиентите со цел задоволување на нивните барања
- Општествена одговорност – грижа за животна средина, донации на финансиски средства и производи, организација на обиколки низ фабриката, овозможување изведување практична настава на Текстилното училиште;
- Тимска работа; одговорност;
- Заштита на лични податоци;
- Внатрешна и надворешна ревизија на работењето; Во текот на изминатата 2016 год., спроведени се внатрешни ревизии за што следи посебен Извештај согласно Законот, доставен пред Собрание на акционери како и ревизија од надворешен овластен ревизор;
- Усогласување на работењето со законската регулатива ;
- Начела на транспарентност и навремено објавување на сите суштински прашања и информации кои се однесуваат на работењето на друштвото.
- Корпоративните вредности се вградени во делувањето на сите поврзани страни, акционери, менаџери и вработени и клиенти

.

### *5.2 Органи на управување*

Управувањето во акционерското друштво е организирано според едностепен систем на управување согласно одредбите на Законот за трговски друштва

- Собрание на акционери
- Одбор на директори

- Собранието го сочинуваат акционери - сопственици на акционерскиот капитал. Основната главнина на Друштвото изнесува 1.281.978.940,00 денари поделена на 414171 обични акции.
- Одборот на директори одржа 12 седници на кои беа разгледувани сите битни елементи од работењето на Друштвото, стратегија на Друштвото и донесени одлуки од тековното работење на Друштвото

Составот на Одборот на директори е утврден согласно Законот и статутот на Тетекс АД Тетово и тоа :Борислав Трповски –Председател на Одборот на директори, М-р Глигорие Гоговски –Генерален директор , Стеван Томоски неизвршен член.Др.Тито Беличанец независен член,академик Владо Камбовски независен член , Евгенија Трпкоска неизвршен член , Звонимир Ристоски неизвршен член.

Извештајот за работа на Одборот на директори е посебен извештај кој се разгледува како посебна точка на годишното собрание.

### 5.3 Извештај за собрание на акционери

Во текот на 2017 година, Друштвото одржа Годишно собрание на акционери на ден 30.03.20187 и Собрание на акционери на 27.11.2017 год , при што беше испочитуван принципот за остварување на правата и интересите на акционерите. Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на Собранието на друштвото и имаат еднаков третман согласно правата кои произлегуваат од нивните акции. Друштвото ги штити правата и интересите на акционерите на тој начин што овозможува остварување на нивните права да предлагаат точки на дневен ред, поставуваат прашање во врска со точките на дневниот ред, да се вклучуваат во дикусијата, да даваат забелешки на текот на седницата на Собранието и да бараат истите да бидат внесени во Записникот од Собранието. Друштвото при свикување Собранието на акционери, во целост ја испочитува пропишаната постапка за свикување на Собранието, достапноста на информациите, постапката за пријавување/учество, како и начинот на водењето на Собранието.

.

- На годишното собрание одржано на 30.03.2016 год. Собранието на акционери на Тетекс АД Тетово, донесе одлуки за усвојување на годишната сметка за 2016 год, белешките кон финансиските извештаи и применетите сметководствени политики, ја усвои консолидираната сметка, одлука за распределба на добивка,и дивиденден календар, одлука за избор на овластен ревизор, го усвои Извештајот на Одборот на директори и ја одобри работата на членовите на Одборот. одлука за избор на членови на Одборот на директори и одлука за месечен паушал во бруто износ од 15.556,00 ден и тоа нето износ од 14.000,00 и персонален данок од 1.556,00 ден за неизвршните членови на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово, како и одлука за усвојување финансиски план.

- На Собрание одржано на 27.11.2017 год. Собранието на акционери на Тетекс АД Тетово, донесе одлуки за распределба на добивка и одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар.

Во врска со почитување на принципот на редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето на друштвото, од страна на Собранието на друштвото секоја година се избира друштво за ревизија од редот на независните професионални ревизорски институции кое врши ревизија на финансиските извештаи. Согласно ЗТД, Друштвото ја испитува објективноста на финансиските извештаи и утврдува дека објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите материјални значајни аспекти. Заради почитувањето на принципот на контрола и ревизија на работењето на друштвото е организираната независна организациона единица за внатрешна ревизија.

### 5.4 Големи зделки и зделки со заинтересирани страни

Во 2017 год. во работењето на Друштвото нема реализирано големи зделки ниту пак има реализирано зделки со заинтересирани страни.

## 6.СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

**Одборот на директори ги дефинира стратешки цели за 2018, кон кои ќе се стреми да ги оствари и тоа :**

**1. Одржување и зголемување на вредноста на капиталот со зголемување на профитабилноста на работењето.**

**2. Зголемување на продажба и приходите преку креирање на производи за нашите купувачи со кои ќе ја заслужиме нивната доверба и лојалност .**

**3. Јакнење на позицијата на Тетекс АД Тетово на традиционалните пазари и освојување на нови пазари.**

**4. Намалување на трошоците во сите аспекти од работење на Друштвото, посебно вложување во проекти за заштеда на енергија**

**5. Менаџмент на човекови ресурси за обезбедување повисок квалитет во работењето.**

**6. Континуирано усовршување на организацијата на работењето, што ќе рефлектира со зголемување на приходи како и максимирање на задоволство на вработените и акционерите на Друштвото.**

**Тетекс АД Тетово**
Генерален директор
М-р Глигорие Гоговски